ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија, број 5/2002), член 112 ст.3, а в.в. со член 124 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр. 24/19, „Службен весник на РСМ“ бр.87/21 и „Службен весник на РСМ“ бр.14/25), Градоначалникот на Општина Битола, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За исправка на Одлуката за избор на идејно решение**

1.Се врши исправка на Одлуката за избор согласно објавениот оглас за Конкурс за избор на идејно решение бр. 05108/2026 – „***Конкурс за избор на идејно урбанистичко – архитектонско решение за спортско – рекреативна зона – АРМ Битола“*** односно се дополнува горенаведената Одлука со упатство за правна поука кое гласи: ***Правна поука: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба во рок од 10 дена согласно член 138 став 1 член 142 став 1 и член 150 од Законот за јавните набавки набавки („Службен весник на РМ“ бр. 24/19, „Службен весник на РСМ“ бр.87/21 и „Службен весник на РСМ“ бр.14/25).***

2.Останатите точки од одлуката остануваат непроменети.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

По донесената Одлука за избор согласно објавениот оглас за Конкурс за избор на идејно решение бр. 05108/2026 – „***Конкурс за избор на идејно урбанистичко – архитектонско решение за спортско – рекреативна зона – АРМ Битола“,*** а врз основа на Извештајот на Жири Комисијата, се констатира дека во Одлуката за избор е направен пропуст односно е пропуштена правната поука.

Од таа причина, се врши исправката од т.1 на оваа Одлука.

**Изработено во Општина Битола под број 08-336/3 на 08.07.2026 година.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА

***ГРАДОНАЧАЛНИК***
***Тони Коњановски***

Изготвил: Гордана Јоновска
Одобрил/Согласен: Борче Димитровски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 333 047 208 335 факс: 047 208 307
javninabavki@bitola.gov.mk www.bitola.gov.mk